# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО


| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО** | **БР. 15** |
| **ПОТРЕБА** | **ГОД.27** |


**Општина Чучер-Сандево, Декември 2024 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **вторник** | **Бр. 15** |
| **по потреба** | **31.12.2024 год.** | **Год. 27** |


# 81.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ БУЏЕТ**
**НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

Се објавува Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2025 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **47-**та седница, одржана на **30.12.2024** година.

**Бр.09-2251/1**
**30.12.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и 202/24) и член 34 од Законот за Буџети (“Службен весник на Република Македонија” бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.151/21), Советот на Општина Чучер-Сандево на **46-та** седница, одржана на **16.12.2024** година, донесе:

**https://cucersandevo.gov.mk/wp-content/uploads/2025/01/%D0%9F%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BB%D0%BE%D0%B3-%D0%B1%D1%83%D1%9F%D0%B5%D1%82-2025.pdf**

# 82.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за извршување на Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2025 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **47**-та седница, одржана на **30.12.2024** година.

**Бр.09-2251/2**
**30.12.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и и "Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 23 став (8) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19 53/21, 77/21,150/21, 173/22 и 170/24), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21), член 93 став (2) од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19 ,14/20,215/21, 99/22 и 208/24), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 51/20 и 172/21),Советот на Општина Чучер Сандево на **47**-та седницата одржана на ден **30.12.2024** година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на**

**Член 1**

Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2025 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст-Буџетот).

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:
- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности,
- Буџет на донации;
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

**Член 3**

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично .

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до **15 ноември** во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од **20 %** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати, и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од **10%**.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации, Буџетот на дотации или Буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, применет на основа на исплатената просечна месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година;

- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината;

-

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2024 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

- средствата ќе се планираат на сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи (903);

- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;

- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.



Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува **40% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.**

На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 700 денари и тоа за секои поминати од 08 – 12 часа половина дневница (350 денари) и цела дневница од $12,^{01}$ -24 часа цела дневница (700 денари).

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

**Член 14**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 404110 – Надоместок за годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот.

Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 60% од износот на просечната плата на ниво на Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 404150 –Други надоместоци.

**Член 16**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат



расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 17**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

**Член 18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0, односно Н1 и Н2 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000 денари, во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари, а исплатата ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 413110-Тековни резерви (разновидни расходи) .

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

**Член 19**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно Колективен договор на Општина Чучер-Сандево.

**Член 20**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.



Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и
- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3) (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

.

**Член 22**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 23**

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

**Член 24**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 25**

Буџетот на Општина Чучер Сандево се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

**Член 26**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер Сандево”, а ќе се применува од 01 јануари 2025 година.



**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

**Бр.08-2212/4**
**30.12.2024 година**
**Чучер Сандево**

# 83.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2025 ГОДИНА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**

Се објавува Буџетотски календат за 2025 година на Општина Чучер Сандево**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **47-**та седница, одржана на **30.12.2024** година.

**Бр.09-2251/3**
**30.12.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 27 став (4) и став (5) од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (" Службен весник на Република Македонија." бр. 61/2004, 96/2004, 67/07, 156/09,47/11, 192/15,209,18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21,173/22 и 170/24), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и член 23 од Статутот на општина Чучер Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер Сандево" бр.5/19), Советот на Општина Чучер Сандево, на **47-та** седница одржана на **30.12.2024** година, го донесе следниот:

**Б У Џ Е Т С К И К А Л Е Н Д А Р ЗА 2025**

| Датум | Буџетски активности | Одговорност |
|---|---|---|
| Септември | Разгледување на предлог-буџетските барања на општинските буџетски корисници и посебните сектори | Градоначалникот на општината со финансискиот оддел |

| | | |
|---|---|---|
| во истиот период | Можност за претставување пред јавноста на генералните планови со буџетот | Градоначалникот на општината |
| во истиот период | Усогласување на буџетските барања, односно предлогот на буџетското барање | Градоначалникот на општината |
| најдоцна до 30 Септември | Буџетски циркулар до општините со насоки | Министерство за финансии |
| Октомври | Дополнителни информации за идната фискална година со потребните насоки се доставуваат до посебните сектори и општинските буџетски корисници | Градоначалникот на општината |
| Октомври Ноември | а) Се собираат буџетските барања<br>б) Буџетските барања се анализираат<br>в) Се подготвува билансот на приходи<br>г) Се подготвува билансот на расходи | Финансиски оддел на општината |
| во истиот период | Подготовка на предлог - буџетот | Финансиски оддел на општината |
| 1 Декември | Предлог на буџетот на општината | Градоначалникот на општината |
| Декември | Предлог буџетот на општината се разгледува во советот и телата на советот (комисиите) | Совет на општина |
| до 31 Декември | Седница на советот за донесување на буџетот на општината | Совет на општина |

**Бр. 08-2212/5**
**30.12.2024 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 84.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2025 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2025 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **47-**та седница, одржана на **30.12.2024** година.

**Бр.09-2251/4**
**30.12.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Републука Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24") и член 20 став (2) од Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија бр.113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17, 7/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20 и 39/22), Советот на Општина Чучер-Сандево на **47-та** седница одржана на **30.12.2024** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува денарски благајнички максимум за 2025 година во износ од 10.000,00 денари.

Член 2

Плаќањето на производи и услуги во готово не може поединечно да биде повеќе од 6.000,00 денари

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на општина Чучер-Сандево".

**Бр. 08-2212/6**
**30.12.2024 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 85.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2025 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на дрќавните слуќбеници за 2025 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **47-**та седница, одржана на **30.12.2024** година.

**Бр.09-2251/5**
**30.12.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административните службеници (“Службен весник на Република Македонија” бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16,142/16, 11/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19,14/20, 215/21 и 208/24), Советот на Општина Чучер Сандево на **47- та** седница одржана на **30.12.2024** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во Општина Чучер-Сандево за 2025 година, изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр. 08-2212/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**30.12.2024 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**



# 86.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАН И ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО 2025-2027**

Се објавува План и Програми за развој на Општина Чучер-Сандево 2025-2027**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **47-**та седница, одржана на **30.12.2024** година.

**Бр.09-2251/6** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**30.12.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 21-Б од Законот за Буџет (“Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15), член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа ( “Службен весник на РМ” бр. 5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Чучер Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер Сандево”бр.5/19) Советот на Општина Чучер Сандево на **47-та** редовна седница одржана на **30.12.2024** година, донесе :

**ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ**
**НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**2025 - 2027**

| Реден број | Име на проект | населено место | Индикатор количина или должина | единечна мерка | Вкупна цена (со ддв 18%) | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Реконструкција на локални улици во н.м во Општина Чучер Сандево | Општина | 193,35 | м` | 50.907.000,00 | 30.000.000,00 | 20.907.000,00 | 0,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Реконструкција на улица од Кучевачка бара до Кучевиште | Кучевиште | 4.441,0 | м` | 92.000.000,00 | 45.000.000,00 | 30.000.000,00 | 17.000.000,00 |
| 3 | Реконструкција на локален пат од с.Кучевиште до Манастир Св.Архангел | Кучевиште | 2020 | м` | 17.522.000,00 | 0,00 | 0,00 | 17.522.000,00 |
| 4 | Ревитализација на улица до с.Блаце | Блаце | 1000 | м` | 13.141.000,00 | 0,00 | 0,00 | 13.141.000,00 |
| 5 | Рехабилитација на дел од ул.Александар Урдаревски (од подвозник до Јосинг) | | 497,27 | м` | 8.839.000,00 | 0,00 | 0,00 | 8.839.000,00 |
| 6 | Рехабилитација на пат Александар Урдаревски коцка II фаза | | 400 | м` | 17.000.000,00 | 17.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| ВКУПНО УЛИЦИ | | | | | 199.409.000,00 | 92.000.000 | 50.907.000 | 56.502.000,00 |
| 1 | Фекална канализација Глуво крак 7 | Глуво | 178,5 | м` | 1.523.000,00 | 0,00 | 0,00 | 1.523.000,00 |
| 2 | Фекална канализација Глуво крак 8 | Глуво | 89 | м` | 773.000,00 | 0,00 | 0,00 | 773.000,00 |
| 3 | Фекална канализација Глуво крак 9 | Глуво | 34 | м` | 301.000,00 | 0,00 | 0,00 | 301.000,00 |
| 4 | Фекална канализација Глуво крак 1 | Глуво | 556,5 | м` | 3.353.000,00 | 0,00 | 0,00 | 3.353.000,00 |
| 5 | Фекална канализациона мрежа Кучевишка бара | Кучевишка бара | 12999,35 | м` | 141.905.000,00 | 91.905.000,00 | 50.000.000,00 | 0,00 |
| 6 | Фекална канализациона мрежа Побожје, Кучевиште и Мирковци | Побожје, Кучевиштеи Мирковци | 1.922,00 | м` | 15.000.000,00 | 6.000.000,00 | 9.000.000,00 | 0,00 |
| 7 | Изградба на пречистителна станица во Кучевачка бара | Кучевачка бара | 1 | | 223.471.000,00 | 84.895.000,00 | 48.383.000,00 | 90.193.000,00 |
| 8 | Фекална канализациона мрежа Чучер | Чучер | 293 | м` | 1.500.000,00 | 0,00 | 0,00 | 1.500.000,00 |
| 9 | Фекална канализациона мрежа Горњани | Горњани | 1706,89 | м` | 13.727.000,00 | 13.727.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 10 | Изградба на фекална канализација во Кучевиште, крак од школо | Кучевиште | 1222,46 | м` | 3.000.000,00 | 5.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 11 | Фекална канализација Глуво покрај река | Глуво | | | 12.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 12.000.000,00 |
| ВКУПНО ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА | | | | | 416.553.000,00 | 201.527.000,00 | 107.383.000,00 | 109.643.000,00 |
| 1 | Водоводна мрежа во Горњани | Горњани | 1745 | м` | 7.089.000,00 | 7.089.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| ВКУПНО ВОДОВОД | | | | | 7.089.000,00 | 7.089.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 6 | Реконструкција на спортско игралиште Бањани | Бањани | | | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| ВКУПНО СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА | | | | | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 4 | Изградба на детски игралишта | н.м. | | | 3.600.000,00 | 1.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 1 | Купување на наменски возила за ЈКП СЦГ | ЈКП СЦГ | | | 12.000.000,00 | 5.500.000,00 | 4.500.000,00 | 2.000.000,00 |
| 1 | Изработка на основни проекти | | | | 0,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 |
| 7 | Поставување на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација | | | | 12.000.000,00 | 0,00 | 3.000.000,00 | 9.000.000,00 |
| 1 | Изградба на културен дом во Сандево | Сандево | 1156 | м2 | 55.348.000,00 | 28.000.000 | 12.000.000,00 | 15.348.000,00 |
| ВКУПНО ОСТАНАТО | | | | | 82.948.000,00 | 37.500.000,00 | 22.500.000,00 | 29.348.000,00 |
| | | | **СЕ ВКУПНО** | | **711.999.000,00** | **344.116.000,00** | **180.790.000,00** | **187.093.000,00** |

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

1.За спроведување на овој План на Програми за развој на Општина Чучер Сандево за 2025-2027 година надлежен е Градоначалникот на Општината Чучер Сандево.

2. Планот на Програми за развој на Општина Чучер Сандево за 2025-2027 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер Сандево", а ќе се применува од 1 Јануари 2025 година до 31 Декември 2025 година.

**Бр.08-2212/8**
**30.12. 2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 87.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИТЕ ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

Се објавува Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2025 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **47-**та седница, одржана на **30.12.2024** година.

**Бр.09-2251/7**
**30.12.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 14 став (4) од Законот на јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21, 253/23 и 224/24) и член 5 став (1) точка 6 и 8 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и "Службен веник на РСМ" бр.302/20 и 255/24), Советот на општина Чучер-Сандево на 47-та седница одржана на 30.12.2024 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИТЕ ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА

### I. ВОВЕД

Во рамките на надлежностите на општината утврдени со Законот за локалната самоуправа, а операционализирани со посебните закони, е и вршење на работите за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта врз основа на планови и годишни програми.

Работите за изградба на пат, опфаќаат активности сврзани со изградба на патна инфраструктура на претежно нова траса.

Работите за реконструкција на пат опфаќаат активности сврзани со изведување на работи на дел на постојниот пат со кој се менуваат неговите основни карактеристики, со цел да се зголеми нивото на услугата на патот.

Работите за рехабилитација опфаќаат активности за подобрување и зајакнување на коловозната конструкција и објектите на патот ( нивелата, одводнувањето, сообраќајната сигнализација и друго), во рамките на постоечкиот пат односно траса на патот.

Работи на редовно одржување на патиштата се сите активности со кои патот континуирано се одржува во функционална состојба и безбедно одвивање на сообраќајот и тоа:

- поправка на коловоз и труп на пат;
- чистење на коловозот, уредување и заштита на банкини и одржување на прегледност на патиштата и улиците.

Работите за зимското одржување на патиштата и улиците се активностите за обезбедување на безбеден сообраќајот во зимски услови и тоа:

- чистење на снег и мраз од коловозот и
- посипување на коловозите со сол или абразивни средства во осојничавите места, мостовите, стрмнините и на други места при појава на мраз на коловозот.



**II. ЦЕЛ**

Цел на програмата е обезбедување на услови за одвивање на безбеден сообраќај по општинските патишта на територија на општина Чучер-Сандево.

**III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА**

Предмет на ова Програма се активностите во текот на 2025 година, кои ќе се превземат на планот на изградбата, реконструкцијата, рехабилитација, одржувањето и заштитата на општинските патишта на подрачјето на општина Чучер-Сандево.

**IV. ОБЕМ И ДИНАМИКА НА АКТИВНОСТИ**

А). Обем

**1. Изградба реконструкција и рехабилитација на општински патишта и улици:**

| **Улици во с.Кучевиште** | |
|---|---|
| 1 | Реконструкција на крак на ул. 1 |
| 2 | Реконструкција на дел од ул. 6 |
| 3 | Реконструкција на крак од ул. 1 |
| 4 | Реконструкција на крак од ул. 8 |
| 5 | Реконструкција на дел од ул. 5 |
| 6 | Реконструкција на крак од ул. 5 |
| 7 | Реконструкција на локален пат од село Кучевиште до населено место Кучевачка Бара ( дел од ул. 6 и дел од ул. Призренска ) |

| **Улици во с.Побожје** | |
|---|---|
| 1 | Реконструкција на улици во село Побожје (дел од улица 3, крак од улица 3, крак од улица 1, крак од улица 1 и дел од улица 4, крак од улица 1, дел од улица 4, дел од улица 1, крак од улица 1, дел од улица 6, крак од улица 6) |

| **Улици во с.Глуво** | |
|---|---|
| 1 | Реконструкција на дел од ул. 4 и крак од ул. 4 |

| Улици во с.Бразда | |
|---|---|
| 1 | Реконструкција на крак од ул. 1 |



| Улици во с.Долно и Горно Блаце | |
|---|---|
| 1 | Реконструкција на крак 1 на улица 1 во село Горно Блаце |
| 2 | Реконструкција на крак 2 на улица 1 во село Горно Блаце |
| 3 | Реконструкција на крак 1 во село Долно Блаце |

| Улици во с.Мирковци | |
|---|---|
| 1 | Реконструкција на крак од улица 1 на КП. 3719/2 во село Мирковци |
| 2 | Реконструкција на крак од улица 1 на КП.1388 во село Мирковци |
| 3 | Реконструкција на крак од улица 1 на КП.1379/1 и КП.1382 во село Мирковци |
| 4 | Основен проект за рехабилитација на улица 4 во Мирковци |

**2. Редовно одржување:**

2.1. Крпење на ударни дупки на сите општински патишта

2.2. Кастрење на гранки и сечење на дрвја во заштитниот појас на општинските патишта во должина од **69,8 км.**

**3. Зимско одржување**

Со зимско одржување се опфаќаат активности за чистење на снег и мраз од коловозот и посипување на коловозите со сол или абразивни средства во осојничавите места, мостовите, стрмнините и на други места при појава на мраз на коловозот на сите општински патишта, а приоритет ќе се даде на патиштата по кои се одвива јавниот превоз и тоа:

- Градски гробишта Бутел - Мирковци-Кучевиште -Побожје
- Мирковци - Бањани
- Горно Оризари - Блаце
- Мирковци - ОУ Александар Урдаревски-Сандево

Б). Динамика

Динамиката на реконструкција, рехабилитацијата и редовно одржување се утврдува во зависност од временските услови во текот на годината, со оперативен план на приоритети утврден од Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

Зимското одржување ќе се одвива во зависност од временските услови.

**V. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Оваа програма ќе се финансира од средствата предвидени во Програмите на Буџетот на општина Чучер-Сандево за 2025 година, ЈД-Изградба и реконструкција на локални патишта и улици во износ од 30.000.000,00 денари, Ј6-Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај во износ од 6.000.000,00 денари, средствата кои Јавното претпријатие за државни патишта ги трансферира на општината, донации и грантови.

**VI. ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Активностите за изградба и реконструкција, редовно одржување со крпење на ударни дупки на општински патишта и зимско одржување ќе ги извршува Општина Чучер-Сандево, а активностите за редовно одржување со кастрење на гранки и сечење на дрвја во заштитниот појас на општинските патишта ќе се отстапат на ЈКП "Скопска Црна Гора".

**VII. НАДЗОР**

Надзор над спроведувањето на програмата врши Градоначалникот на општина Чучер-Сандево, преку Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на општина Чучер-Сандево", а ќе се применува до31.12.2025 година.

**Бр.08-2212/9**
**30.12. 2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 88.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

Се објавува Програма за работа на Советот на Општина Чучер-Сандево за 2025 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **47-**та седница, одржана на **30.12.2024** година.

**Бр.09-2251/8**
**30.12.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија “ бр. 5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија”202/04“) и член 23 став (1) точка 3 од Статутот на општина Чучер - Сандево (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19) и член 120 од Деловникот на Советот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.6/21), Советот на Општина Чучер-Сандево на 47-та седница одржана на 30.12.2024 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА

**I**

Една од надлежностите на Советот на единицата на локалната самоуправа утврдени со Законот за локалната самоуправа е да донесува Програма за работа. Програмата за работа на Советот, по правило, се донесува на крајот на тековната година за наредната календарска година. Со ваквиот приод се овозможува правовремено запознавање на носителите на активносите со нивните обврски. Оттука, Програмата ги содржи основните прашања на кои ќе се посвети внимание во текот на 2025 година.

II

Во текот на 2025 година Советот на Општината ќе расправа по следните материјали.

1. **Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Чучер - Сандево за 2025 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанизам

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник
РОК: I тримесечје-јануари



Донесувањето на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици се право и обврска на советот на Општината што произлегува од Законот за локалната самоуправа и Законот за јавни патишта.

**2.** Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Чучер - Сандево за 2025 година

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанизам
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник
РОК: I тримесечје-јануари

Донесувањето на Годишната програма за уредување на градежно земјиште се право и обврска на советот на Општината, што произлегува од Законот за локалната самоуправа и Законот за градежно земјиште.

**3. Програма за јавно осветлување на Општина Чучер - Сандево за 2025 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник
РОК: I тримесечје-јануари

Донесувањето на Годишната програма за јавно осветлување се право и обврска на советот на Општината, што произлегува од Законот за локалната самоуправа и Законот за комунални такси.

**4. Програма за одржување на јавна чистота во Општина Чучер-Сандево за 2025 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник
РОК: I тримесечје-јануари



Донесувањето на Програма за одржување на јавна чистота се право и обврска на советот на Општината, што произлегува од Законот за јавна чистота.

**5. Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Чучер - Сандево за 2025 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанизам
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник
РОК: I тримесечје-јануари

Донесувањето на Годишната програма за уредување на градежно земјиште се право и обврска на Советот на Општината, што произлегува од Законот за локалната самоуправа и Законот за градежно земјиште.

**6. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2025 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за јавни дејности
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник
РОК: I тримесечје-јануари

Донесувањето на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се право и обврска на советот на Општината, што произлегува од Законот за заштита на населението од заразни болести.

**7. Програма за активности на Општина Чучер-Сандево во областа на социјална заштита за 2025 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за јавни дејности
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник
РОК: I тримесечје-јануари

Донесувањето на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се право и обврска на советот на Општината, што произлегува од Законот за социјална заштита.



**8. Програма за заштита и спасување на Општина Чучер-Сандево за 2025 година**

| | |
|---|---|
| ИЗГОТВУВАЧ: | Одделение за јавни дејности |
| ПРЕДЛАГАЧ: | Градоначалник |
| РОК: | I тримесечје-јануари |

Донесувањето на Програма за заштита и спасување на општина Чучер-Сандево се право и обврска на советот на Општината, што произлегува од Законот за заштита и спасување.

**9. Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2025 година**

| | |
|---|---|
| ИЗГОТВУВАЧ: | Одделение за урбанизам |
| ПРЕДЛАГАЧ: | Градоначалник |
| РОК: | I тримесечје-јануари |

Донесувањето на Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Чучер-Сандево се право и обврска на советот на Општината, што произлегува од Законот за урбанистичко планирање.

**10. Квартален извештај за IV Квартал за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2024 година**

| | |
|---|---|
| ИЗГОТВУВАЧ: | Одделение за финансиски прашања |
| ПРЕДЛАГАЧ: | Градоначалник |
| РОК: | I тримесечје-јануари |

Кварталните извештаи се право и обврска кои произлегуваат од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, советот на Општината континуирано да биде запознаен со реализација на буџетот.



**11. Разгледување на усвојување на Програма за работа на Јавното Комунално Претпријатие “Скопска Црна Гора” с.Мирковци - Општина Чучер - Сандево за 2025 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Јавно Комунално Претпријатие
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник
РОК: I тримесечје-јануари

Разгледувањето и усвојувањето на програмата за работа на јавните претпријатија е согласно надлежностите на советот и градоначалникот утврдени во Законот за локалната самоуправа и Законот за јавните претпријатија.

**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**



# 92.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

Се објавува Програма за образование на Општина Чуче-Сандево за 2025 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **47-**та седница, одржана на **30.12.2024** година.

**Бр.09-2251/12** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**30.12.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 8 член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Решублика Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/04), член 158 став (1) од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) и член 16 став (1) точка 8 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19) Советот на Општина Чучер-Сандево, на **47-та** седница, одржана на **30.12.2024** година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА

### 1. ВОВЕД

На образованието треба да се гледа како на процес во кој треба константно да се инвестира, надгледува, надоградува.

Процесот на едукација на човекот е составен од образовна и воспитна компонента. Образовната компонента претставува стекнување на знаења, вештини и способности за совладување на потребите а воспитна компонента претставува стекнување на животни и на работни искуства, формирање ставови, развивање критички однос кон работата, доброто, вредностите на светот околу нас.



### 2. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

Целни групи и крајни корисници на Програмата за образование на општина Чучер Сандево се ученици, наставниците, стручните служби од трите основни училишта во Општината и тоа ООУ„Св.Кирил и Методиј“- с.Кучевиште, ООУ„Александар Урдаревски“ с.Сандево и ООУ„Михаљ Грамено“ с.Брест.

### 3. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел е подобрувањето на квалитетот на целокупниот воспитно-образовниот процес, во рамките на можностите. Приоритет на програмата за образование е да го стимулира напредокот во образовниот и воспитниот процес и да ги мотивира учениците и наставниците да постигнуват високи резултати во образованието, подобрувањето на квалитетот во образованието, условите за работа, еднакви можности за сите ученици.

### 4. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

#### I. Доделување награди на талентираните ученици од општинските основни училишта

Наградите имаат за цел да ги стимулираат учениците и наставниците во понатамошна надградба на својот капацитет и талент.

Финансиски средства што ќе им се доделуваат на учениците и наставниците ментори како награда, по барање од Училиштето, ќе ги одредува претходно формираната Комисија од Градоначалникот, а во согласност со одобрените средства.

Очекувани резултати:
-Интерес за учество на разни натпревари од повеќе области и претставување на ООУ од општина Чучер-Сандево
-Создавање вистински вредности и навики кај учениците и наставниците
-Развивање, стимулирање и следење на талентот

Време на реализација: тековно
Реализатор: Одделение за јавни дејности - Општина Чучер-Сандево
***Вкупно средства: 80.000,00 денари***

## II. Првенци на генерација - Награди за полуматуранти

Основните училишта во Општината, од редот на полуматуранти одбираат „Првенец на генерација„. Титулата се доделува по претходно утврдени критериуми на Училиштето.

Избраните ученици, за трудот во деветгодишното образование, покрај Пофалница која ќе ја добијат на свечен прием во Општината, ќе добијат и парична награда, по доставено барање од Училиштето.

Со овој чин се надеваме дека ќе допринесеме за нивна мотивираност и во понатамошниот образовен процес.



Очекувани резултати:
- Стимулирање на натпреварувачкиот дух меѓу учениците
- Мотив за учество на разни натпревари
- Создавање вистински вредности кај учениците
- Стимулирање на понатамошен развој во образовниот процес

Време на реализација: Мај 2025 година.
Реализатор: Одделение за јавни дејности - Општина Чучер-Сандево и ООУ
***Вкупно средства: 15.000 денари по 4.000 за дете + книга***

## III. 1-ви Септември – Добре дојдовте наши првачиња

1-ви Септември е ден кој останува и како спомен за убав почеток на нова етапа во животот/образованието на децата. Настан по овој повод се организира во секое основно училиште на територијата на Општината со што на новите ученици им се креира позитивна слика за училиштето и за образовниот процес.
Општината со скромен подарок ќе му посака добре дојде на секое прваче.

Очекувани резултати:
-Запознавање со нови другарчиња и наставници
- Создавање чувство за добредојде и припадност во новата средина
- Создавање услови за добра и брза социјализација и интеграција на учениците во новата средина
-Развивање самодоверба и позитивни чувства кон себе и кон другите, како дел од една Заедница
-Поттикнување на лична идентификација, препознавање и искажување на различни емоции
-Стекнува основни културни, здравствено-хигиенски и работни навики

Време на реализација: Септември 2025 година
Реализатор: Одделение за јавни дејности - Општина Чучер-Сандево и ООУ
***Вкупно средства: 60.000 денари***

## IV.Фонд за екскурзии за ученици од семејства во социјален ризик и семејства со запишани три и повеќе деца на училишна возраст

Во рамките на Годишните програми на основните училишта планирани се еднодневни излетии, тродневна екскурзија, дводневна екскурзија и настава во природа за учениците. Финансирањето на излети и екскурзиите за учениците од семејствата во социјален ризик како и многудетни семејства ќе бидат потпомогнати од Општина Чучер-Сандево.
На овој начин предвидуваме создавање на чувство за еднакви без разлика на социјалниот статус на семејствата.

Оваа активност ќе се реализира по добиено барање од ООУ, коешто претходно ќе ја утврди неопходноста од истото.


Очекувани резултати:
- Инклузивност и еднаквост на учениците
- Подобрување на семејниот буџет

Време на реализација: Во различен период од годината
Реализатор: Општина Чучер-Сандево
***Вкупно средства: 80.000,00 денари***

## V. Едукативни предавања

Едукативните предавања се неопходни за учениците, наставниците, стручните служби како и за родители, како неформален и информален вид на образование.

Темите ке бидат одредени согласно потребите на училиштата а на сите, главна цел ќе биде правилно насочување на младите и семејствата, соочување со предизвиците од секојдневието а ќе се однесуваат на безбедност-физичка и психичка, емоционална, здравје, раст, развој и др.,согласно потребите.

Предавањата ќе се реализираат по барање и проценка на училиштата а по објавен повик за пријавување на здруженија, едукатори.

Неформалното образование е дефинирано од Унеско во 1972 година и гласи:
"Неформалното образование претставува организирана едукативна активност, надвор од формалниот систем која има за цел да ги задоволи потребите на корисниците но и целите на учењето"

Стекнатото формално образование се завршува со завршувањето на циклусот на студиите. Но неформалното се следи низ животот. Оваа следење продуцира концепт на континуирано учење кон кое се надоврзуваат практичноста и искуството и создаваат една компилација која има голема и пресудна важност. Со оглед на фактот што годините на старост не се воопшто значајни, тогаш никогаш не е доцна за усовршување и примена на овој концепт.

Покрај формалното и неформалното образование постои и информално образование. Тоа се дефинира како непланирано, спонтано, образование без никакви формални карактеристики, ненаметливо без аспекти за насочена комуникација, кое најчесто во секојдневниот жаргон се нарекува "училиште на животот". Иако произлегува од својата спонтаност во системот на учење сепак влегува во целосна компатибилност со формалното и неформалното. Без него човекот тешко би се снаоѓал во работната средина.

Очекувани резултати:
- Продлабочени знаења на теми од секојдневието
- Збогатување на здравствените навики

Време на реализација: Во различен период од учебната година
Реализатор: Општина Чучер-Сандево
***Вкупно средства: 40.000,00 денари***



## VI. Набавка на литература

Со набавка на литература која им е потребна во текот на школувањето за деца од различна возраст ќе ги доближи учениците до книгата и да ги стимулира што повеќе да читаат книги, бидејќи само на тој начин ќе ги развиваат повеќе психофизичките способности, ќе се наобразуваат повеќе и ќе постигнат подобри резултати на секое поле во животот.

Набавката на литература ќе се врши по потреба и барање од ООУ.

Очекувани резултати:
- Развивање на љубов кон книгата кај учениците.

Време на реализација – во текот на 2025 година
Реализатор: Одделение за јавни дејности - Општина Чучер-Сандево и ООУ
***Вкупно средства: 30.000,00 денари***

**4.Буџет**

За реализација на планираните активности по оваа Програма, во Буџетот на Општината Чучер-Сандево за 2025 година се предвидени 305.000,00 денари.

**5.Завршни одредби**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" а ќе се применува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-2212/14** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО** |
| **30.12.2024 година** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ,** |
| **Чучер-Сандево** | **Сања Петрушевска с.р.** |

# 93.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА ОД ОБЛАСТА НА ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ**



Се објавува Програма на Општина Чуче-Сандево за 2025 година од областа на предучилишно образование и воспитание, што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **47-**та седница, одржана на **30.12.2024** година.

| | |
|---|---|
| **Бр.09-2251/13** | **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО** |
| **30.12.2024 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** |
| **Чучер-Сандево** | **Сашко Комненовиќ с.р.** |

Врз основа на член 22 став (1) точка 7 и член 62 од Законот локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија"202/24) и член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Чучер Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Советот на општина Чучер Сандево на **47-та** седницата одржана на ден **30.12.2024** година ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО ОД ОБЛАСТА НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ ЗА 2025 ГОДИНА

1.ВОВЕД

Општина Чучер Сандево во рамките на своите надлежности и можности посветува големо внимание за развој и непречено одвивање на воспитно-згрижувачкиот процес и унапредување на условите за згрижување на деца во ЈОУГД „МИЛО МОЕ„ Чучер Сандево, општина Чучер Сандево.

Со Програмата од областа на предучилишното образование и воспитание на Општина Чучер Сандево за 2025 година се дефинираат активностите на Општината во делот на детската заштита, згрижувањето, воспитанието и едукацијата на децата од предучилишна возраст во текот на 2025 година.

Програмата на Општина Чучер Сандево од областа на предучилишното образование и воспитание се носи согласно нејзините надлежности утврдени во законските и подзаконските акти, земајќи ги предвид можностите утврдени во Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2025 година.

2.ЦЕЛ

Цел на програмата на Општината Чучер Сандево од областа на предучилишното образование и воспитание е подобрување на квалитетот на згрижување, воспитание и образование на децата како и условите за работа во детската градинка.

3.СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ

-Обезбедување на еднакви можности за згрижување и воспитание за сите деца во Општината Чучер Сандево;
-Поддршка на воспитно-згрижувачката дејност и креирање на стимулативна средина за ран детски развој;



-Развивање и продлабочување на воспитната компонента во градинката;
-Поддршка за реализацијата на Годишната програма за работа на градинката;

4. АКТИВНОСТИ

Активностите во областа на предучилишното образование и воспитание, Општина Чучер Сандево ќе ги насочи кон поттикнување, поддржување и помагање во остварување на целите на оваа Програма.

Во текот на 2025 година, во Општина Чучер Сандево преку следните активности ќе ги допринесе во беспрекорна работа на установата.

**4.1.Набавка на нагледни и дидактички средства и материјали согласно потребите на детската градинка-40.000,00 ден.**

**4.2.Превоз и влезница за одредена активност на установата (Посета на зоолошка, посета на музеј, одредена знаменитост и сл,)-20.000,00 ден.**

**4.3.Оперативни трошоци (електрична енергија, привремени вработувања и други издатоци за непречено функционирање на Установата) 2.375.000,00**

5.БУЏЕТ

За реализација на планираните активности по оваа Програма, во буџетот на Општината Чучер Сандево за 2025 година се предвидени 2.435.000,00 ден.

6.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево", а ќе се применува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

**Бр.08-2212/15**
**30.12.2024 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**



# 94.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА ПО ЕЛИМИНИРАЊЕ НА КРИЗИ ЗА 2025 ГОДИНА**

Се објавува Програма за заштита и спасување и ревитализацикја по елиминација на кризи  за 2025 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **47-**та седница, одржана на **30.12.2024** година.

**Бр.09-2251/14**
**30.12.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 точка (1) став 15 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2022 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) а во врска со член 9 од Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), Советот на општина Чучер Сандево на **47-та** седница одржана на **30.12.2024** година донесува

# П Р О Г Р А М А
## ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА ПО ЕЛИМИНИРАЊЕ НА КРИЗИ ЗА 2025 ГОДИНА

Заштитата и спасувањето подразбира и подготвеност за превземање на соодветни мерки и активности за заштита од природни и други непогоди и несреќи кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето и предизвикуваат големи материјали штети.

За организирањето на заштитата и спасувањето, особено внимание се посветува на навремена идентификација и процена на веродојатноста и интензитетот на ризиците и опасностите кои можат да ги загрозат граѓаните и материјалните добра; нагласеност на превентивната функција и превземање мерки за подготвенот на институциите заедницата и граѓаните, рационалност и ефикасност во искористување на ресурсите и капацитетите.



Но, покрај важноста на подготвеноста за заштита и спасување, управување со кризи и одбрана, голема важност има и ревтализација на територијата по елиминирање на кризата.

За остварување на основната цел на оваа програма, превземање на активности за заштита и спасување, од урбанистичко технички мерки и хуманитарни мерки за заштита и спасување, предвидени се следните активности:

**<u>Активност 1</u>**

Делување на сили за гасење на пожари.

На почетни пожари во населено место, покрај засегнати и присутни граѓани, делуваат сили од ЈКП Скопска Црна Гора. Во случај на шумски пожар и во случај на пожар во населено место, силите на ЈКП делуваат со опремата со која располагаат и задолжени се да соработуваат со ТППЕ и да ги ставаат на располагање хидрантите со кои стопанисуваат.

Истите, се упатуваат на лице место по координација и проценка од лицето овластено од општина Чучер Сандево за заштита и спасување.
Потребни средства: 50.000,00 ден

**Активност 2**
Вежбовни активности како и подигање на важноста на вежбовни активности во училиштата на повисоко ниво.
Согласно законски обврски, училиштата организираат евакуација, но потребно е, важноста од вакви активности да биде ставена на повисоко ниво.
Потребни средства: 10.000,00

**Активност 3**
Редовно одржување на ПП апарати во административната зграда на Општината.
Во општинската зграда сместени се 6 ПП апарати. Четири од нив се полнење Ц9- сув прав додека еден е со полнење ЦО2-5. Редовно сервисирање е неопходно за нивна функционалност.
Потребни средства: 10.000,00

**Активност 4**
Набавка на заштитна опрема (маски, метли, елеци, ракавици).
Општината располага со опрема и тоа: 5 напретњачи, 6 метли, елеци. Набавка ќе се направи само доколку настанат оштетувања на веќе постоечката опрема како и при потреба од нивна обнова.
Потребни средства: 10.000,00

**Активност 5**
Комисија за процена на штети од елементарни непогоди при општина Чучер Сандево- надомест на трошоци за транспорт и дневници во случај на потреба за постапување.
Во случај на елементарна непогода од поголем размер, по поголем обем на пријави од оштетени граѓани, увид на лице место треба да изврши Комисијата.
Потребни средства: 10.000,00



**Активност 6**
По завршување на елементана непогода потребно е создавање на услови за нормален животот и работа на граѓаните.
Општината ќе пристапи кон нејзина ревитализација по престанок на криза/елементарна непогода. Ревитализацијата се однесува на расчисување и санирање на оштетувања на патни правци, паднати дрвја, столбови и сл.активности.
Во ревитализиацијата со човечки и материјални ресурси ќе се вклучат ЈКП а доколку се јави потреба и други физички и прани лица
Потребни средства: 20.000,00

Тековно, во 2025 година, Општината ги следат и проследуваат објавите на Министерства во врска со забрани за движење во шума, забрани за палење на оган на отворено и истите ги проследува преку соопштенија на фрекфентни места. Воедно, доколку се укажат можности, Општината ќе спроведува промотивни активности за подигање на свеста за потребите од заштита и спасување.

За реализација на предвидените активности согласно Програмата за заштита и спасување за 2025 година, финансирањето (110.000,00) ќе биде реализирано од Буџет на Општина Чучер Сандево за 2025 година.

Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" а ќе се применува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

**Бр.08-2212/16**
**30.12.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 95.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРА ЗА 2025 ГОДИНА**



Се објавува Програма на Општина Чучер-Сандево од областа на култура за 2025 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **47-**та седница, одржана на **30.12.2024** година.

**Бр.09-2251/15**
**30.12.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 5 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), и член 16 став (1) точка 5 од Статут на Општина Чучер Сандево („Службен гласник на општина Чучер Сандево” бр.5/19), Советот на Општина Чучер Сандево на **47-та** седница, одржана на **30.12.2024** година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО
## ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРА ЗА 2025 ГОДИНА

### 1. Вовед

Културата на еден народ е неговото најголемо богатство, слика за неговата традиција, историја, постоење... Со одржување, збогатување и негување на постоечките културни богатства го чуваме и одржуваме нашиот идентитет, но улогата на културата е значајна и како средство за промовирање на економскиот развој. Тоа е и појдовна основа на Програмата за култура-да се идентификуваат постоечките и потребните извори за надградба, зацврстување и промовирање на постоечките културни богатства и вредности, да се препознаат и утврдат потребите и интересите на граѓаните, особено на најмладите за видот и типот на културни манифестации, но и да се изнајдат соодветни начини за подобра информираност и стимулација на граѓаните во културните настани.

### 2. Цели на Програмата

Општа цел на Програмата за активностите на Општина Чучер Сандево од областа на културата за 2025 година е издигнување на културата и во рурални средини, збогатување на културниот живот, издигнување на свеста кај граѓаните за активно учество во културниот живот, промоција, афирмација и негување на македонскиот фолклор и традиција, афирмација на млади таленти но и да се даде поттик, поддршка, шанса и на младите уметници, талентираните граѓани, културните работници да се вклучат во културниот живот.



**Специфични цели на Програмата од областа на културата се:**

*Негување на фолклорот, обичаите, музиката и други културни вредности, поттик за активно учество на граѓаните, особено најмладите во културните настани на општината;

*Организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво, поттикнување на интерес и љубов на граѓаните, а особено на најмладите кон уметноста и културата.

*Дружење со граѓаните, но и зближување на граѓаните со работата на Општината преку спортските и културните манифестации, како и поттикнување и мотивирање за учество во спортски, образовни, културни и забавни манифестации.

## 3.АКТИВНОСТИ

### 3.1. Одбележување на значајни празници

**1.Традиционало одбележување на верски празници**

Со цел зачувување и спречување на згаснување на стари традиции, Општината ќе учествува со подршка на:

- **Водици** - одбележување на празникот во Општина Чучер Сандево. Општината објавува повик на почетокот на Јануари на којшто се пријавуваат организатори од населените места, кои го одбележуваат празникот со фрлање на крст во водите на река. За лицето кое ќе го фати крстот ќе се додели награда;
- **Прочка Кучевиште-Маскембал** - Општината обезбедува маски коишто писмено, со Истпратница ги доделува на организаторите од населеното место;
- **Велигден-Побожје-Маскембал** - Општината обезбедува маски коишто писмено, со Истпратница ги доделува на организаторите од населеното место;
-**Св.Сава** -с.Кучевиште;
-**Бајрам**

Средствата ќе се доделуваат/реализираат врз основа на поднесено барање.

**2. Новогодишни активности**

По повод новогодишните празници жителите на Општина Чучер Сандево ќе имаат можност да се забавуваат во дворот на ОЈУ „Партизански дом Сандево"Сандево, каде што ке се организира богата новогодишна културно-уметничка програма. На истата, покрај музички точки кои ќе ги подготвуваат учениците од основните училишта и градинката на Општината, се планира настап и на естрадни уметници, фолклорни групи и актерски групи-театар, комичари и други гости соодвено за настанот.

*Период за реализација на активноста: во тек на 2025 година*
*Реализатор: Општина Чучер-Сандево*
*Потребни средства:200.000,00 ден.*



### 3.2. Настан „ДЕНОВИ НА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ„

Општина Чучер Сандево започнува со одбележување на Светскиот ден на уметноста со што нашата земја ја вклучивме во големото светско семејство што го одбележува овој празник - раѓањето на Леонардо да Винчи (15 Април).

За одбележување на овој ден, ќе го претставаат талентот младите уметници од Општината. Со цел конекција меѓу уметноста и младите жители на Општина Чучер

Сандево, ќе бидат поставени и штафелаи со платна, на кои талентирани ученици од основните општински училишта ќе можат да сликаат. Учениците ќе ги изработуваат своите дела заедно со веќе истакнати ликовни уметници од нашата Општина (10-15 учесници)

Воедно, ќе бидат поставени и детски уметнички катчиња во кои децата-посетители ќе можат да направат сопствена уметничка ракотворба.

*Период за реализација на активноста: Месец Април 2025 година*
*Реализатор: Општина Чучер-Сандево*
*Потребни средства:60.000,00 ден.*

### 3.3. Настан „САНДЕВО ФЕСТ „

Сандево Фест ќе се одржи Август/Септември. Активностите ќе се спроведат во два дена. Во текот на двата дена ќе се одржи културно-забавна манифестација со настап на музички ѕвезди.

Манифестацијата ќе биде од културно забавен карактер.

*Период за реализација на активноста: Август/Септември 2025 година*
*Реализатор: Општина Чучер-Сандево*
*Потребни средства:1.000.000,00 ден.*

### 3.4. Одбележување на Ден на Општина-17ти Ноември

Прославата на Ден на Општината се користи со цел одбележување на денот кога Општината е формирана.

По тој повод, во големата сала на Општината ќе бидат организирни следните активности:
- Изложени сликите од „Денови на ликовна уметност 2025„;
- Потоа, овој ден ќе бидат читани дела по литературни конкурси на тема „Мојата Општина“ (во училиштата, период претходно ќе се известат/организираат);
- Третата активност е конкурс за „Најуредена училница„. Заинтересираните ученици и наставници доставуваат барање по конкурсот за училница од Одделенска настава и најуреден кабинет од предметна настава. По барањата од конкурсот одлучува комисија формирана од Општина Чучер-Сандево, односно Одделението за јавни дејности, тие ќе ги изберат најдобрите во овие категории;



- Четвртата активност ќе биде доделување на пофалница за најдобро организиран настан во училиштата. (ООУ по својата програма работат на активности и настани).

На Манифестацијата ќе настапат хоровите и солисти на основните училишта во Општината и КУД „Александар Урдаревски“.

Воедно, на манифестација ќе се изврши наградување на младите, односно учениците од ООУ во општина Чучер-Сандево кои учествуваат на „Денови на ликовна уметност„ кои имаат изготвено текст на тема „Мојата Општина„ и награда за „Најубава училна„.

Во рамки на оваа манифестација предвидени се и следниве активности:
- Доделување благодарници/пофалници за талентирани ученици кои учествуваат на настанот;
- Свечено доделување на Пофалница на лицата на кои им се доделени награди и признанија по Програма за спорт за 2025 година и
- Доделување благодарници на заслужни сорабортници/помагатели

*Време на реализација: - 17 Ноември 2025 година*
*Реализатор: Општина Чучер-Сандево*
*Потребни средства: 60.000,00 ден.*

**3.5. Манифестација за ИЗБОР НА НАЈДОБРО ВИНО И РАКИЈА во општина Чучер Сандево**

Манифестацијата во 2025 година ќе се одржи по четврти пат. Воедно, Општинта ќе вложи максимални напори одбележувањето на овој настан да премине во традиција во Општината.

Настанот ќе се одржи во соработка со Здружение на пензионери. Поради тоа што ,,Сите сме нивни деца“, ќе се одбележат повеќе поводи: ,,Недела на грижа на старите лица,,, празник на Општината, Месец на виното. Покрај што ќе биде овозможено дружење, Пензионерите се оние од кои треба да се учи и за начинот на одгледување на лозови насади, за начинот на подготовка на вино и ракија, па затоа, пензионерите ке бидат главни гости на овој настан. Местото на одржување ќе биде различно секоја година.

Организаторот, навремено обезбедува учесници, потоа лиценцирани дегустатори, награди и признанија.

*Период за реализација на активноста: Ноември 2025 година (еден ден во периодот 21 до 28 ноември)*
*Реализатор: Здружение на пензионери на Општина Чучер Сандево, ОЈУ Партизански Дом Сандево, Општина Чучер Сандево*
*Потребни средства:50.000,00 ден.*



**3.6. Архео Парк Бразда**

Во северното подножје на ридот кадешто се составуваат двете реки во Бразда, на зарамнетиот врв на Градиште, на јужната и западната падина, лежат остатоци од утврдената раноантичка населба (7-4 век п.н.е), распоредена на неколку подѕидани тераси, на површина од 4,5 Ха.

Јасни се повеќе елементи од нејзиното градење, намена и историјат. По намената, гробницата била несомнено владетелска. За тоа зборува пред се нејзината големина,

потоа квалитетот на градење и обработка на блоковите, за што биле ангажирани врвни архитекти.

Од 2016 година за „Архео Паркот Бразда“ се грижи Институтот за Археолошки Истражувања – Скопје во соработка со Н.У. Археолошки музеј на Македонија, а со поддршка од Министерство за култура на Р. Македонија. Од нивна страна вложено е во оплеменување на просторот како и негово издигање до ниво на препознатливост. Одтогаш, во паркот се обновуваат постоечките содржини, се додаваат нови, се зголемил бројот на информативни и патоказни табли, а се снимиле и неколку промотивни видео материјали. Воедно, изработена е и веб страна arheoparkbrazda.mk, на која може да се запознаеме со повеќе содржини.
Сепак, неопходно е и поголемо вложување со цел зачувување како и издигање на локалитетот на туристичка атракција-како единствен на Балканот од тој период.

*Период за реализација на активноста: Во текот на годината*
*Реализатор: Општина Чучер-Сандево*
*Потребни средства:60.000,00 ден.*

**3.7 Доделување на финансиска подршка на здруженија и други организации кои работат во областа на Култура**

Општината ке се залага за презентирање и афирмирање на традиционално наследство преку обележување на значајнио датуми од културата, преку фолклорот, традицијата и обичаите.

Финансиска поддршка на здруженија на граѓани и организации кои работат работи во област на култура за реализација на активности од област на култура ќе се доделува врз основ на барање со целосна програма и финансиска конструкција од настанот а по добиена согласност од Совет на Општина Чучер Сандево.

*Време на реализација: 2025 година*
*Реализатор : Здружение на граѓани и организации кои работат во област на култура*
*Вкупно средства: 300.000,00 денари*

**4.Буџет**

За реализација на планираните активности по оваа Програма, во Буџетот на Општината Чучер Сандево за 2025 година се предвидени 1.730.000,00 ден.



**5. Надзор**

Надзор над спроведувањето на програмата врши Градоначалникот на општина Чучер-Сандево, преку Одделението за јавни дејности.

**6.Завршни одредби**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”, а ќе се применува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

**Бр.08-2212/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**30.12.2024 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 96.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

Се објавува Програма за спорт и рекреација на Општина Чучер-Сандево за 2025 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **47-**та седница, одржана на **30.12.2024** година.

**Бр.09-2251/16** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**30.12.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 6 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 16 став (1) точка 6 од Статут на Општина Чучер Сандево („Службен гласник на општина Чучер Сандево” бр.5/19), Советот на Општина Чучер Сандево на **47-та** седница, одржана на **30.12.2024** година, донесе



**П Р О Г Р А М А**
**ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

## 1. ВОВЕД

Во рамките на надлежностите на Општината кои се дадени во Законот за локална самоуправа и предвидени во Статутот на Општина Чучер Сандево, значајно е учеството

на Општината во организирањето и збогатувањето на спортско рекреативниот живот со посебен акцент на масовниот спорт. Воедно, обезбедувајќи организациска поставеност, општински систем на натпревари и поддршка на спортските активности на учениците од основните училишта во Општина Чучер Сандево ќе доведе до целта - сите граѓани на општината своето слободно време да го користат за реализирање на спортски активности, при што ќе се развиваат позитивните вредности на спортот кои подоцна ќе ги негуваат како животни вредности.

Општина Чучер Сандево, преку зголемување на опфатот на млади граѓани со спорт и спортско рекреативни активности, создавање на млади спортски надежи, поддршка на наши истакнати спортисти од општината и подршка на здруженијата на граѓани од обласка на спортот на територија на Општината, има предиспозиции да стане развиен спортски реон со рекреативно спортски карактеристики со што ќе се создаде препознатлива општина.

## 2. ЦЕЛНИ ГРУПИ

Програмата за спорт и рекреација на Општина Чучер Сандево за 2025 година ги таргетира, пред се, учениците во основните училишта од Општина Чучер Сандево, но и останатите возрасни категории.

## 3. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

### 3.1. Основни цели/приоритети

• Рекреативен спорт чија цел е да пропагира и да промовира разновидни спортско-рекреативни содржини наменети за ученици, деца, млади, како и за граѓани-жители на Општина Чучер Сандево;
• Масовен спорт, со посебно внимание на активностите и на вежбите од забавно-рекреативен карактер;
• Заеднички интерес како можност да го обедини, координира и да го реализира рекреативниот спорт, со цел да го постави на повисоко спортско ниво;
• Младите да го користат слободното време за спортски активности прифаќајќи ги позитивните вредности што ги нуди спортот, притоа применувајќи и негувајќи ги како животни вредности во иднина;
• Масовно вклучување на младите, при што се промовираат, поттикнуваат, развиваат и се подигнуваат и натпреварувачкиот дух и фер играта;
• Поголем дел од Програмата да се реализира од Општината, а во активностите Општината да се промовира и да се стави во улога на поддржувач и покровител.



### 3.2. Специфични цели

- Обезбедување квалитетна настава за учениците во основните училишта;
- Обезбедување чиста и здрава средина за работа;
- Обезбедување поквалитетни услови за инклузивно образование;
- Обезбедување здрав физички развој на учениците;
- Мотивација и наградување на најдобрите;

- Обезбедување квалитетни вонnаставни активности и неформалното образование;
- Поттикнување натпреварувачки дух и фер игра;
- Развивање демократски капацитети кај учениците;
- Надминување на социјалните разлики меѓу учениците;
- Квалитетно исполнување на времето на учениците и надвор од училишните часови.

## 4. А К Т И В Н О С Т И

### 4.1. РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И АДАПТАЦИЈА НА СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА

Заложбата на Општината е да се мотивира населението, пред се младите, да се насочат кон спортските активности. За тоа да се постигне потребно е да се обезбедат локации кои ќе нудат непречено одвивање на спортска активност.

Во 2025 година се предвидува реконструкција, рехабилитација, одржување и адаптација на 1 (едно) спортско игралиште во населено место Бањане.

Време на реализација: во тек на 2025 година
**Место**: Бањане
Реализатор: Општина Чучер Сандево (Одделение за јавни дејности и Одделение за урбанизам),
Вкупно средства: 6.000.000,00 денари/донација

### 4.2. УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ ЧУЧЕР САНДЕВО 2025

Спортските игри Чучер Сандево 2025 се организираат и се реализираат под покровителство на Општина Чучер Сандево.

Спортските активности ке бидат спроведени од страна на основните училиштана во Општината.

Се предвидува во 2025 година да учествуваат околу 50 ученици од VIII и IX одд. Од основните училишта во Општината. Натпреварите ќе се играат во две дисциплини од кошарка, фудбал, ракомет, одбојка и други спортски активности, согласно договор со одговорните наставници.



Во реализација на игрите се вклучени вработени од Одделението за јавни дејности, ученици, наставници, по можност и судии и делегати од спортските федерации, а присутни се медицинско лице - ЦК и полиција во рамките на своите надлежности.

Време на реализација: Април-Мај-2025 година
**Место**: ООУ „Св.Кирил и Методиј“, Кучевиште

Реализатор: ООУ„Александар Урдаревски“ Сандево, ООУ „Св.Кирил и Методиј“ и ООУ„Михаљ Грамено“ Брест со Одделение јавни дејности - Општина Чучер Сандево
Вкупно средства: 30.000,00 денари

## 4.3. АТЛЕТСКИ КРОС - ЧУЧЕР САНДЕВО 2025

Под покровителство на Општина Чучер Сандево, а во организација на ООУ на територија на Општината, ќе организира атлетски крос со ученици од основните училишта од VI иVII одделение.

Со оваа активност се опфатени 30 ученици од трите основни училишта на територија на општина Чучер Сандево. Учениците се натпреваруваат во поединечна конкуренција во повеќе категории и делници според возраста и половата припадност.

Во реализација на игрите се вклучени вработени од Одделението за јавни дејности, ученици, наставници, а присутни се медицинско лице - ЦК и полиција во рамките на своите надлежности.

Време на реализација: во Април-Мај- 2025 година
**Место**: с.Мирковци
Реализатор: ООУ„Александар Урдаревски“ Сандево, ООУ „Св.Кирил и Методиј“ и ООУ„Михаљ Грамено“ Брест со Одделение јавни дејности - Општина Чучер Сандево
Вкупно средства: 20.000,00 денари

## 4.4. И МАЛИТЕ СПОРТУВААТ 2024

Во тектот на учебната година, спортски игри од забавен карактер во форма на полигон ќе се организираат 4 пати во годината со ученици од одделенска настава (од I до V то одд.) во договор со одделенските наставници и наставници по физичко и здравствено образование.

Во реализација на игрите се вклучени вработени од Одделението за јавни дејности, наставници, ученици, а присутни ке бидат медицински лица, ЦК и полиција во рамките на своите надлежности.

Општина Чучер Сандево за спроведување на оваа активност ке обезбеди храна, вода, услуги за печатење, дипломи/пофалници.

Време на реализација: во текот на 2025 година
**Место**: ООУ„Александар Урдаревски“ Сандево, ООУ „Св.Кирил и Методиј“ и ООУ„Михаљ Грамено“ Брест
Реализатор: Одделение јавни дејности - Општина Чучер Сандево
Вкупно средства: 45.000,00 денари



## 4.5. СПОРТИСТИТЕ ТРЕБА ДА СЕ НАГРАДАТ

Со оваа активност се допринесува во мотивираноста на младите спортисти да продолжат со спортските активности и да се наградат за достигнувања во спортот.

Средства ќе бидат доделувани по објава  на Јавен повик, а согласно Правилник за утврдување и постапка за доделување на средства за награди и признанија од Буџетот на Општина Чучер Сандево, преку Комисија за награди и признанија.

Време на реализација: во текот на цела 2025 година
Реализатор: Комисија за награди и признанија при Совет на Општина Чучер Сандево
Вкупно средства: 150.000,00 денари.

## 4.6. ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ РАБОТАТ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ

Оваа финансиска поддршка ги опфаќа активностите на здруженија и други организации, како и организирање и спроведување проекти од спортот што со својата активност и квалитет придонесуваат за промоција на спортот како и обезбедување спортска опрема, реквизити и спортски помагала за непречено и ефикасно спортување на спортските клубови и спортистите.

Средствата ке бидат доделувани врз основа на Барање од заинтересираните спортски здруженија по објава на Јавен повик.

Меморијален турнир во мал фудбал Љубомир Рајчевски Рајче – с.Глуво

Традиционален турнир во мал фудбал – с.Кучевиште

Детски турнир во мал фудбал – с.Мирковци

Турнир во баскет 3x3

Време на реализација: во текот на цела 2025 година
Реализатор: Здружение - Општина Чучер Сандево
Вкупно средства 1.100.000,00 денари

